РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец февруари 2022

Март, 2022

Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4

Јавни набавки ..... 5

Реализација на буџет ..... 6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец февруари 2022 година примени се 2 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрено е 1 барање, објавени се 7 огласи, за вкупно 24 работни места за вкупно 29 извршители. За институциите од централната власт објавени се 2 јавни огласи за 8 работни места со 13 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 5 јавни огласи за 16 работни места со 16 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 1 | 7 | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | 2 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 5 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 24 | | 2 | 3 | 3 | 8 | | 2 | 10 | 4 | 16 |
| Извршители | | | 29 | | 2 | 4 | 7 | 13 | | 2 | 10 | 4 | 16 |
| Број на пријавени кандидати | | | 190 | | 50 | 91 | 34 | 175 | | 14 | 1 | 0 | 15 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 65 | 54 | 23 | 127 | 30 | 180 | 11 | 2 | 8 | 6 | 16 |

*Табела 1. Јавни огласи февруари 2022*

Во истиот период февруари 2022 година спроведени се 9 административни селекции за пријавени 1484 кандидати, спроведени се 61 испити на кои што се поканети 844 кандидати, од кои полагале 358 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 72 огласи за 507 кандидати. Интервју е спроведено на 72 огласи со вкупно 370 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 72 огласи и предлог за избор на 352 кандидати, а од 65 спроведени огласи објавени се вкупно 196 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 9 | 1484 | 61 | 844 | 358 | 72 | 507 | 72 | 370 | 72 | 352 | 65 | 196 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи февруари 2022*

Во Агенцијата за администрација во месец февруари 2022 година примени се 12 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 13 огласи, за вкупно 23 работни места за 27 извршители. За институциите од централната власт објавени се 3 интерни огласи за 3 работни места со 7 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 10 интерни огласи за 20 работни места со 20 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 12 | 0 | 13 | | 3 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 2 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 23 | | 2 | 1 | / | 3 | | 8 | 10 | 2 | 20 |
| Извршители | | | 27 | | 2 | 5 | / | 7 | | 8 | 10 | 2 | 20 |

*Табела 3. Интерни огласи февруари 2022*

## Испит за административно управување

Во текот на месец февруари 2022 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 120 кандидати. Од нив на испитот се појавија 94 кандидати од кои испитот го положиле 77 кандидати (82%), а не го положиле 17 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 87 се вработени во јавен сектор, 4 во приватен и 3 се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 120 | 94 | 77 | 17 | 87 | 4 | 3 |

*Табела 4. Административно управување февруари 2022*

## Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на февруари 2022 година беа поднесени **52** жалби и приговори на административните службеници, од кои **47** жалби и приговори на државните службеници и **5** жалби на јавните службеници.

Во февруари во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани **7** седници, на кои беше одлучено по **44** жалби и приговори, од кои **35** жалби и приговори на државните службеници и **9** на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, **31** предмет, од февруари преминуваат во март 2022 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно **35**): **17** се одбиени, **4** се уважени, **3 се** мериторно одбиени, 1 е повлечена од подносител, 1 е ненадлежна и 9 се отфрлени.

Од вкупниот број на јавните службеници (вкупно 9): одбиени се **2**, уважени **3,** отфрлена **1**, мериторно одбиени **2** и повлечена од подносител **1**.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 47 | 5 | 35 | 9 | 4 | 3 | 17 | 2 | 9 | 1 | / | / | 1 | 1 | 1 | / | / | / | 3 | 2 | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во февруари 2022*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец февруари 2022 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 24 предмети од кои 7 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 17 предмет се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, граѓани и други, и тоа: Виш управен суд (1); Народен правобранител (2); Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат (1); Министерство за финансии (2); Агенција за катастар на недвижности (1); Јавно сообраќајно претпријатие (1); Комисија за спречување и заштита од дискриминација (1); Државен управен инспекторат (2); Царинска управа (2); Државна комисија за спречување на корупцијата (1); Биро за метрологија (1) и Граѓани (2).

Во текот на месец февруари 2022 година, вработени од Агенцијата присуствуваа на:

- Присуство на обука на тема: „Јакнење на свеста за подобра имплементација на Законот за заштита на укажувачите", одржана преку онлајн платформа Zoom реализирана на 02.02.2022 година, по покана од Државна комисија за спречување на корупција-Скопје;
- Присуство на јавна дебата на тема: Предлог Стратегијата за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година, одржана преку онлајн платформата Zoom, реализирана на 10.02.2022 година, по покана од Министерство за труд и социјална политика-Скопје.

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 62 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 32 електронски пораки, неодговорени 9, а за 21 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

## Јавни набавки

Во текот на месец февруари 2022 година, донесени се 7 Одлуки за јавни набавки, објавени се 3 оглас на ЕСЈН, донесени се 3 Одлуки за избор и склучен е 1 договор за јавна набавка со вредност од 120.000,00 денари без ДДВ или 126.000,00 денари со вклучен ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 7 | 3 | 3 | 1 |

*Табела 6. Јавни набавки февруари 2022*

# Реализација на буџет

Во месец февруари 2022 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2022 година | Реализација на буџетот до 28.02.2022 | Реализација на буџетот од 01.02.2022 – 28.02.2022 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 23.550.000,00 | 3.622.852,00 | 1.835.280,00 | 19.927.148,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 8.710.000,00 | 1.408.887,00 | 713.722,00 | 7.301.113,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 10.000,00 | 0 | 50.000,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.100.000,00 | 602.290,00 | 277.203,00 | 1.497.710,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 450.000,00 | 47.142,00 | 36.065,00 | 402.858,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.000.000,00 | 241.583,00 | 219.085,00 | 1.758.417,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.790.000,00 | 48.829,00 | 31.691,00 | 1.741.171,00 |
| **426-други тековни расходи** | 400.000,00 | 69.568,00 | 12.332,00 | 330.432,00 |
| **464-разни трансфери** | 186.000,00 | 87.390,00 | 87.390,00 | 98.610,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 800.000,00 | 0 | 0 | 800.000,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.800.000,00 | 798.467,00 | 798.467,00 | 2.001.533,00 |
| ВКУПНО | **42.846.000,00** | **6.937.008,00** | **4.011.235,00** | **35.908.992,00** |

*Табела 6. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*